# Screentime

## Упатство за инсталација и користење

MKSafeNet



Оваа екстензија овозможува да го контролираш времето што го поминуваш на популарни социјални мрежи и забавни страници.

Може да одредиш колку минути дневно сакаш да ги користиш за секоја страница, губејќи пристап откако ќе се премине лимитот.

Исто така, може да се поставaт временски рамки за кога страниците да бидат недостапни, за секој ден од неделата, а може и да се додадат или отстранат страници.

# За инсталација се користи следниот линк:

https://chromewebstore.google.com/detail/screentime/ofmanejijbcohgebmdfacglmhemiifca?hl=en-US&utm_source=ext_sidebar



# Потоа се потврдува изборот со кликање на копчето „Add extension“



За пристап до поставки на екстензијата, се клика во горниот десен агол на прелистувачот **Chrome**, во делот на екстензии, и се одбира екстензијата „**Screentime**“:



Во контролната табла на екстензијата може да се видат главните поставки, вклучувајќи ги дневните лимити и блокираните страници.

На првиот екран на контролната табла има графички приказ на посетени веб страници со поминато време.



На вториот екран се наоѓаат подесувањата за страниците кои сакаме да ги ограничиме.

Секој ред од листата со страници има: име на страницата, време поминато, слајдер за вклучување или исклучување на правилото, копче за подесување на поставките на таа страница и копче за бришење на правилото.








Во поставките за одредена страница може да се промени името на тоа правило, да се едитира URL-то на страната, да се постави дневниот лимит во минути и да се избере боја со која ќе биде претставена страницата на првиот екран.

**Како напредна функција може за секој ден да се подеси соодветно различно времетраење на правилото:**



За додавање на ново правило, на вториот екран од контролната табла, се клика на „Add Timer" во долниот десен агол и се внесува URL-то на страницата **(пр. *://*.x.com ќе важи за секое URL кое го содржи x.com).**

